Општина Крива Паланка

CaArts
Center for Audiovisual Arts

# ИЗВЕШТАЈ

## КУЛТУРЕН ФОРУМ „ОВОЗМОЖУВАЧКА КУЛТУРНА СРЕДИНА“




**Здружение ЦЕНТАР ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ**

Крива Паланка, ноември 2019

## ПРЕДГОВОР

Извештајот е сублимат на извршените анализи и заклучоци за состојбата и потребите во областа на културата, произлезени од проектот КУЛТУРЕН ФОРУМ „ОВОЗМОЖУВАЧКА КУЛТУРНА СРЕДИНА“, спроведен од Центарот за аудиовизуелни уметности, со поддршка на општина Крива Паланка преку Програмата за финансирање на проектни активности на здруженија и фондации.

Целта е развој на културата во општина Крива Паланка со обезбедување на овозможувачка културна средина за дејствување, преку збогатување на културната карта со нови атрактивни содржини и партиципативно граѓанско учество во локалните предизвици на културниот развој.

Потребата за реализација на проектот КУЛТУРЕН ФОРУМ „ОВОЗМОЖУВАЧКА КУЛТУРНА СРЕДИНА“ произлезе од правото на култура достапна за сите, како неприкосновено човеково право,што ги осликува нашите вредности, принципи и начин на живеење. Истовремено, бевме водени и од улогата на културата како значаен економско-социјален и општествен капитал и фактор,што овозможува демократизација на јавниот простор.

Извештајот се базира на анализата, стратешките приоритети и цели на Националната стратегија за култура 2018-2022 и Стратешкиот план за култура 2018-2021 година, каде се истакнува важноста од критичка евалуација и слободен критичен јавен простор за да се надминат анахроните и застарени модели на културни програми и да се создадат услови за суштински реформи во културниот сектор.Следејќи ги основите на новата културна политика на државата за демократизација на културата, поддршка на креативноста, плурализмот и инклузивноста, како и активното учество на граѓанскиот сектор во креирањето на културната политика, извештајот е изготвен врз основа на стратешките принципи за транспарентност, партиципативност, анализа, истражување и евалуација на состојбите на културната сцена во Крива Паланка.

Во извештајот се презентираат ставовите и мислењата на граѓаните за понудата, потребите и предлозите за развојот на културата во општина Крива Паланка.

Првиот дел ги опфаќа резултатите од извршената анкета со граѓаните, со посебен осврт на младите и нивните размислувања од областа на културата.

Во вториот дел се презентирани ресурсите и предизвиците за културниот развој на општина Крива Паланка, поточно ресурсите на културните институции, локалната самоуправа, образовните установи, граѓанскиот сектор и воопшто граѓаните и нивните заклучоци и препораки.

Третиот дел ги дава заклучоците и препораките од спроведените два културни форуми, рамките на Акцискиот план за стратешките приоритети за развој на културата во Крива Паланка и листа на конкретни културни продукти, како предлози што произлегоа од културните форуми, одржани во рамките на проектот.

## МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на проектот беше спроведена анкета со која беа опфатени 132 лица од кои 60 млади до 19 години, 51 граѓанин (над 19 години) и 21 онлајн анкета.Беа остварени и директни средби со директорите и раководителите на културните установи и општината, анализирани веб и ФБ страниците на институциите и вклучено граѓанско учество на две форумски сесии со вкупно 62-ца учесници.

**Овој документ е единствена одговорност на Центарот за аудиовизуелни уметности Крива Паланка и не ги изразува ставовите на општина Крива Паланка.**

# ПРВ ДЕЛ

## ЗАДОВОЛСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ОД КУЛТУРНАТА ПОНУДА ВО КРИВА ПАЛАНКА

За потребите на проектот, а со цел да се утврди состојбата во културата, задоволството од културната понуда и културните потреби на граѓаните, Центарот за аудиовизуелни уметности спроведе анкета преку полуструктуиран прашалник.

Со анкетата беа опфатени вкупно 132 граѓани, од кои 60 млади, на возраст од 15-19 години, како посебна целна група, која има висок приоритет во културниот развој на општина Крива Паланка. Исто така, во анкетата беа вклучени и 72-ца граѓани (над 19 години) од кои 21 лице одговорија онлајн на прашалниците.

### 1. РЕЗУЛТАТИ ОД ОДГОВОРЕНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ ЗА МЛАДИТЕ

Прашалникот беше фокусиран на интересот на младите за културните активности, информирањето и учеството во културните настани, како и нивната визија за поквалитетни културни програми и поголема вклученост на младата генерација во културната дејност. Во истражувањето беа вклучени 42 женски и 18 машки лица, главно средношколци.

Од 15 прашања, колку што опфаќаше прашалникот, добиени се следните резултати:




Од 60 испитаници, 34 лица одговориле со „не“, 22 со „да“, додека 4 лица не дале одговор.Ова упатува на податок дека поголем дел од младите не се доволно информирани за културните случувања во општината. Но, ако се земат в предвид

и останатите податоци од анкетата, што следуваат подолу,неинформираноста не е првенствено резултат на недоволната видливост и промоција на културните настани.Напротив,главната причина е незаинтересираноста на младите за културните проекти што се реализираат. Овој податок е поразителен од гледна точка што младите попрво избираат да го поминат времето во кафулиња или со други непродуктивни активности од слободното време , наместо на културна едукација и следење на културните случувања во градот.

**2.Како најчесто се информирате за кулурните настани во Крива Паланка?**




(Дадена е можност за еден или повеќе одговори)

Во време на современи информациски системи, разбирливо е дека младите најмногу се информираат преку социјалните мрежи за културните настани во општината,но анкетата покажува дека добар дел од нив како информациски канали ги користат и веб и ФБ страницата на општината и меѓусебните контакти.Во идниот период, уште повеќе треба да се популаризираат и достапните комуникациски врски на културните установи како ностители на културни активности.

Со оглед на големиот број комуникациски канали и нивна дистрибуција , јасно е дека информациите за културните активности се многу достапни до публиката, така што ова не би можело да биде причина за неинформираноста на младите.

**3.Дали сте задоволни од културната понуда во Крива Паланка?**




Најголем број од младите се делумно задоволни од културната понуда, а преовладуваат и позитивните ставови наспроти негативните. Ваквиот резултат укажува дека културните субјекти би требало во одредени сегменти да ги ревидираат своите програми за развој на културата, со внесување на нови креативни и иновативни содржини, што би влијаеле на поголем степен на задоволување на културните потреби на младите.

**4.Како ќе ги оцените културните манифестации во градот?**




Според добиените резултати,најголем дел од младите ги оценуваат културните манифестации како задоволителни. И во овој случај, како при претходното прашање, потребно е извесно интервенирање во културните програми на институциите, со креирање на поразновидни културни проекти, што би го привлекле интересот на младите.

**5. Дали младите генерално покажуваат интерес за културните настани?**




Загрижувачки е податокот што дури 47% од испитаниците сметаат дека младите многу малку се интересираат за културните содржини, што мора да резултира со сериозна граѓанска дебата во која би партиципирале и младите за да се откријат причините за ваквиот став, но и да се одреди нова визија и цели за културен развој и едукација на младата популација. Индикативно е дека сите институции од областа на културата мора сериозно да се зафатат со соодветни решенија за овој проблем , доколку се сакаат позитивни промени за културна преобразба и вклучување на младите во културната дејност.

**6.За какви културни содржини најмногу се заинтересирани младите?**




Поразително е што дури 40 испитаници не одговориле на ова прашање, што зборува за нивната незаинтересираност и немање идеи за нови креативни и иновативни културни содржини.За општината ова е вистински предизвик , кој упатува на недоволна атрактивност на програмите за култура, но и за маргинализираното значење на културата во образовниот и општествениот систем.

Останатите што дале одговор најмногу се заинтересирани за музички настани и концерти (16), театар, изложби, драми, филмови и забавни манифестации.

**7.Дали сте учествувале во некој културен настан во општината?**




Уште позагрижувачки е резултатот што дури 63% од испитаниците не учествувале на ниту еден културен настан во општината. И меѓу оние што одговориле дека учествувале во одреден културен настан многу малку дале одговор во кој конкретен културен проект учествувале. Од оние малкумина што одговориле, тоа е главно учество на училишните патронати, франкофонија, ораторска вечер, фолклор, компиријада и сл.

Ваквиот показател, повторно не доведува до големата незаинтересираност на младите за учество во културните активности во општината, заради што неопходна е опсежна анализа за оваа состојба, едукација и привлекување на младите во културниот живот.

**8. На колку културни манифестации сте присуствувале последната година?**



Според добиените одговори најголем дел, односно 42-ца испитаници, присуствувале на 3-5 настани, само 5-мина одговориле дека проследиле 10 и повеќе настани, а 12 лица не присуствувале на ниту една културна манифестација, додека едно лице не дало одговор.

И овие наоди покажуваат недоволно присуство на младите на културните манифестации организирани од институциите, заради што повторно се наменува прашањето за креирање на соодветен пристап кон младите во однос на културата.

**9. Каков вид програми и настани би сакале да видите на културната сцена на Крива Паланка.**




Дури 67%, односно вкупно 40 лица не дале одговор на ова прашање, поточно не понудиле ниту еден културен настан што би сакале да го видат на локалната културна сцена. Контрадикторно е што младите од една страна не се најзадоволни од културната понуда, а од друга страна се незаинтересирани и не пројавуваат никаква иницијатива за културни содржини што би биле привлечни за нив. Ваквиот нивен став укажува дека е неопходна сосема нова културна политика за промена на менталитетот и однесувањето на младите кон културата, односно неопходност од системски интерсекторски мерки за вклучување на културата во нивниот живот.

Од преостанатите 20 испитаници најмногу предлози има за музички настани, потоа балет и модерни танци, изложби, отворено кино, едукативни содржини, книжевни настани и сл.

**10. Дали сте запознаени со Програмата за развој на културата на општина Крива Паланка?**




Бидејќи програмите за развој на културата се објавени и достапни на веб страницата на општината, повторно се соочуваме со фактот дека младите имаат индолентен став кон културата и не се доволно заинтересирани за културните настани.

**11.Дали општината Ве консултира при изработка на Програмата за култура?**




Еден од изворите на недоволната заинтересираност на младите за културните активности можеби се открива и во одговорите на ова прашање. И овие резултати упатуваат дека општината во иднина мора да развие широка партиципативна платформа при изработката на програмскиот документ, при што до израз ќе дојдат и културните потреби и иницијативи на младите.

**12. Дали сметате дека општината издвојува доволно средства за културата?**




Поголем дел од испитаниците, односно 36 од нив, одговориле дека средствата што ги издвојува општината се доволни за развој на културата. Од ова произлегува дека младите немаат поголеми забелешки на издвоените буџетски средства за култура, туку споредбено со одговорите од останатите прашања, главниот проблем е недоволно атрактивната содржината на културната програма.

Според нивните размислувања, тие би сакале повеќе пари да се издвојуваат за се што е во интерес на младите и за поубави места за развој на културата.

**13. Кои културни вредности Крива Паланка треба да ги промовира?**




Според одговорите на испитаниците доаѓаме до дилема дали младите воопшто ги дефинираат и познаваат културните вредности или пак тие за нив немаат никакво значење врз развојот на културата.Ваквиот заклучок се наметнува од тоа што дури 51 од вкупно 60 испитаници не дале одговор на ова прашање.

Преостаните малкумина сметаат дека е потребна промоција на фолклорот, креативноста на учениците, уметноста, традицијата,артефактите, геоморфологија и геологија на Осоговието, теолошка култура и културно наследство.

**14.Во какви културни манифестации би сакале да се вклучите?**




Според добиените одговори, младите најмногу се заинтересирани за музички настани (27), потоа за креативни и иновативни настани (20), ликовни манифестации (13), модерен балет, танци и сл.(9), книжевни настани (8),промоција на културно наследство (3) и друго, спорт(3).

**15.Предложете алтернативни простори за културна сцена**




И со овие резултати, уште еднаш, за жал, се покажа неинвентивноста и незаинтересираноста на младите.

Од вкупно 60 лица, дури 56 не дале ниту еден предлог, а неколкумина испитаници како простори за алтернативна сцена ги предложиле кино салата, музејот, плоштадот и училиштата.

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД ЕВАЛУАЦИЈА НА АНКЕТАТА ЗА МЛАДИТЕ

Генерална оценка е дека младите имаат доволно можности да бидат информирани за културните настани, односно дека комуникациските канали се доволно застапени и достапни, но младата популација не е најзадоволна од квалитетот на културната понуда, односно таа само делумно ги задоволува нивните потреби. Овие согледувања можеби и го оправдуваат нивниот недоволен интерес за културните настани, но од друга стана, пак, тие воопшто или многу малку покажуваат иницијатива за нови креативни и културни содржини.Загрижува и податокот што нивното присуство, а посебно нивното учество во културните настани во општината е на многу ниско ниво и не покажуваат инвентивност за новите алтернативни и современи програми од обласа на културата, што наведува на заклучокот дека младите се пасивни и немаат визија за културниот развој во општината. Истовремено, не се доволно запознаени ниту со Програмата за развој на културата на општината, а сметаат дека и не се консултирани при нејзината изработка ,иако последните две години се одржуваат јавни расправи и форуми за програмските содржини, но тие ретко пројавуваат интерес да се вклучат во нив. Алармантно е и што не ги познаваат, ниту ги дефинираат културните вредности,како што покажува анкетата, освен ако не е во прашање нивната незаинтересираност да одговараат на прашалникот.

Ваквиот меѓуоднос на младите и културата ја наметнува потребата од системско и интерсекторско едуцирање на младите за културата и нејзиното значење не само за општествениот систем, туку и за личниот и професионален развој на младата популација. Оваа е појдовна основа од која треба да се тргне за да се зголеми интересот на младите за културата и нивното вклучување во културните активности во општината. Понатаму, би морало да се продолжи со транспарентно и партиципативно носење на програмите за развој на културата, со задолжително консултирање и вклучување на младите во овој процес.Од особено значење е да се слушнат културните потреби на младите и да се влијае на збогатување на програмските содржини со нови иновативни, атрактивни и креативни проекти, што ќе ги привлечат и ќе ја доближат и популаризираат културата до младата популација.За да се поттикне нивната проактивност и самоиницијативност можеби е потребно одредени културни настани да се организираат во самите училишта, а истовремено младите да се вклучат и како волонтери во културните проекти.

## 2. РЕЗУЛТАТИ ОД ОДГОВОРЕНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Покрај младите, во анкетата беа опфатени уште 72-ца граѓани од кои 51 лице пополни отпечатен прашалник, а 21 испитаник одговараше онлајн на ФБ страницата на Центарот за аудиовизуелни уметности.

Резултатите од возрасната група граѓани битно се разликуваат од ставовите на младите, односно анкетата генерално покажува дека имаме информирани, заинтересирани и активни граѓани во областа на културата.




Добиените резултати се следни:

**1.Дали сте доволно информирани за културните настани во Крива Паланка?**




Приближно 82% проценти од испитаниците одговориле дека се информирани за културните настани во општината, што значи дека видливоста на културите случувања е на високо ниво, а од друга страна и дека граѓаните покажуваат интерес и ги следат информациите од областа на културата.

**2.Како најчесто се информирате за кулурните настани во Крива Паланка?**




Веб и ФБ страниците на општината и културните институции се главните извори на информирање на граѓаните, но интересно е што и понатаму добар дел од нив се информираат и преку плакати и соопштенија на огласните табли, како и преку лични и меѓусебни контакти. Ова докажува дека и овие комуникациски канали играат голема улога во информирањето, особено на повозрасната публика, која  недоволно користи или познава интернет и социјални мрежи.

**3.Дали сте задоволни од културната понуда во Крива Паланка?**




И во однос на ова прашање преовладуваат позитивни резултати. Имаме приближно идентични резултати на задоволство и делумно задоволство од културната понуда во Крива Паланка. Високиот процент на делумно задоволни граѓани, сепак упатува на заклучокот дека културната понуда и понатаму треба да се збогатува со нови атрактивни и привлечни содржини.

**4.Како ќе ги оцените културните манифестации во градот?**




Исто како и во претходното прашање, и овде резултатот покажува дека треба поголема инвентивност во содржините на културните настани за да се задоволат потребите на поширокаta публика од различни возрасти. Околу 56% сметаат дека содржините се задоволителни, но не смее да се пренебрегне и високиот процент (46%) од испитаниците, кои сметаат дека има квалитетни културни програми. Особено што е многу мал процентот на оние што сметаат дека културните настани се неквалитетни. Тоа значи дека во општината се случуваат позитивни поместувања во областа на културата, што го зголемува и интересот на публиката за културните случувања.

**5. Дали културните содржини ги задоволуваат Вашите потреби?**




Најважен аспект на задоволството на граѓаните од културната понуда, секако е таа да ги задоволува нивните потреби. Високиот процент на задоволни граѓани (67%), кои се исполнети од културниот живот, покажува дека општината е во добра насока да изгради развоен концепт за културата, што опфаќа партиципативно учество на јавноста. Со тоа, би се задоволиле и потребите на преостаните околу 30 % , кои имаат можеби поинакви потреби кога станува збор за културата.

**6.Какви културни содржини сметате дека недостасуваат?**




Генерален е заклучокот дека на културната сцена во Крива Паланка треба да има повеќе културни содржини за децата и младите.Тоа е потврдено и со резултатите од ова прашање, каде 46% од испитаниците одговориле дека недостасуваат настани за деца, а 33% бараат повеќе содржини за младите. Ваквиот заклучок упатува на недоволна избалансираност на културната понуда во поглед на потребите на различните возрасни групи, а тоа е веројатно и една од причините за незаинтересираноста на младите за културните настани во општината. Затоа, сите културни субјекти во идниот период би требало да ги консолидираат своите програмски активности во кои би се нашле повеќе содржини за оваа популација.

Секако, не смее да се запостави и повозрасната публика, која, пак, секогаш покажува голема проактивност за присуство и учество во културните збиднувања во општината.

**7. Дали сте учествувале во некој културен проект/настан во Крива Паланка?**




Иако 54% од граѓаните се изјасниле дека не учествувале во ниту еден културен настан, сепак ваквата состојба ја релативизира останатиот процент

(46%) на лица, кои зеле учество во културните проекти во општината. Всушност, оваа популација ( особено од 36-50 години) е главниот „мотор“ што ги креира и реализира културните проекти, а истовремено и ја дефинира културната политика во општината.

**8.На колку кулурни манифестации сте присуствувале последната година?**




Граѓаните најмногу присуствуваат на 3-5 настани годишно, покажуваат резултатите од анкетата. Врз основа на овој податок, можеби би требало да заклучиме дека граѓаните не се доволно заинтересирани за културните настани, но овој заклучок не би бил соодветен, затоа што во предвид треба да имаме дека дури 45% од испитаниците присуствувале на повеќе од 10 настани, а само 1,4% на ниту еден.

Најрелевантна оценка, сепак, би била дека граѓаните се доволно заинтересирани за културните настани и во таа насока и во иднина треба да се поттикнува нивната уште поголема посетеност на овие настани.

**9. Каков вид програми и настани би сакале да видите на културната сцена на Крива Паланка.**



Како и кај младите, така и во случајот со останатите возрасни категории, публиката најмногу е заинтересирана за музички настани, театарски и филмски фестивали, едукативни и книжевни содржини, настани за најмладите,забавни програми и слично. Овој податок дава јасна насока со какви содржини треба да се надополнува културната програма во општината.

**10. Дали сте запознаени со Програмата за развој на културата на општина Крива Паланка?**




Според овој резултат, 50% од испитаниците недоволно се запознаени со Програмата за култура на општината, а 20% воопшто не се запознаени. Ваквата состојба укажува на потребата од поголема видливост и транспарентност на програмите за култура и нивна презентација пред пошироката јавност.

**11.Дали општината Ве консултира при изработка на Програмата за култура?**




Ист заклучок, како во претходното прашање, произлегува и од анализата на податокот за консултираноста на граѓаните за програмите за култура на општината. Јасна препорака е дека во иднина е потребно уште поголемо партиципативно учество на граѓаните при изготвувањето на овие програмски содржини.Тоа, истовремено, ќе влијае и на подобар квалитет на културните програми, но и на повисок процент на задоволување на културните потреби на граѓаните.

**12. Дали сметате дека општината издвојува доволно средства за културата?**




Вкупно 51% од граѓаните сметаат дека општината издвојува доволно средства за културата, а 42% дека тие средства не се доволни. Овде мора да бидат земени в предвид и останатите потреби на граѓаните, но и да биде разбирливо дека општинскиот буџет е ограничен и не можат да се задоволат сите барања. Од друга страна, треба да се следи и развојната компонента на културата- дали програмите се надополнуваат со нови содржини, но во исто време да се користат и останатите фондови и донатори за реализација на културни проекти, а не само да се смета на средствата од општинскиот буџет.

**13. Кои културни вредности Крива Паланка треба да ги промовира?**




Културното наследство е највисок приоритет како културна вредност за граѓаните на Крива Паланка. Традицијата, фолклорот, старата архитектура, локалните митови, легенди, усни преданија, обреди,занаети, сакрални споменици и слично, се вредностите на локалната култура за кои граѓаните сметаат дека треба да се промовираат и да им се даде достојно значење. Во таа насока е и промоцијата на Градскиот музеј, манастирот и испосницата на „Св. Јоаким Осоговски“, музичката родокрајна литература и слично.

**14.Во какви културни манифестации би сакале да се вклучите?**




Дефинитивно, музичките настани се најатрактивни за граѓаните и предизвикуваат најголем интерес за нивно учество, а на врвот на листата се и кративните и иновативни настани, културното наследство, книжевните и литературни настани. Од тие причини, културното творештво и понудата треба да се темели токму на овие сегменти во идниот период .

**15.Предложете алтернативни простори за културна сцена**

Граѓаните дадоа повеќе интересни предлози како алтернативни простори за културна сцена во општината, што би требало да се искористат, особено ако се земе в предвид дека идната година ќе се врши реконструкција на Градскиот плоштад, заради што најверојатно нема да биде достапен за одржување на културни манифестации.

Листа на предлози од граѓаните

| |
|---|
| • **Манастир „Свети Јоаким Осоговски“** |
| • **Испосница, с.Градец** |
| • **Градски музеј** |
| • **Градски плоштади** |
| • **Цркви„Св.Димитриј“ Кр.Паланка“, Св.Никола“ с.Трново** |
| • **Центар за култура (неискористени простори)** |
| • **Градски парк** |
| • **Градски стадион** |

| | |
|---|---|
| • | **Градски базен** |
| • | **Училишен двор „Јоаким Крчовски“** |
| • | **Кеј на Крива Река** |
| • | **Градски пазар** |
| • | **СОУ„Ѓорче Петров“** |
| • | **Градска вада** |
| • | **Парк кај Дурачка Река** |
| • | **Недовршена  сала кај мотел Македонија** |
| • | **Напуштени здради-Тораничка** |
| • | **Простории над Матично** |

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД ЕВАЛУАЦИЈА НА АНКЕТАТА ЗА ГРАЃАНИТЕ

Од спроведената анкета може да се извлече заклучок дека имаме информирани и заинтересирани граѓани, кои присуствуваат и учествуваат во културните настани во општината.Тие покажуваат проактивност и нудат идеи и иницијативи за подобрување на културната понуда во општината.

Може да се заклучи дека свеста за значењето на културата кај граѓаните е на повисоко ниво, односно имаат издиференцирани ставови за своите културни потреби и ги поддржуваат културните субјекти и општината во реализацијта на културните програми и проекти.

Во идниот период препорачливо  е нивно поголемо вклучување при изготвувањето на програмите за култура и зголемување на нивнот интерес со поатрактивни, креативни и иновативни проекти.

# ВТОР ДЕЛ

## К У Л Т У Р Н И   С У Б Ј Е К Т И

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Општина Крива Паланка е носител на културни активности во рамките на спроведување на Програмата за развој на културата, но и во поддршката за реализација на настани што ги спроведува граѓанскиот сектор, културните установи и други субјекти.

Од извршената анализа, нотирани се следните согледувања:

- Редовно се објавуваат Програмите за развој на културата на веб страницата на општината

| 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.990.000 | 2.175.000 | 3.665.000 | 3.490.000 | 4.030.000 | 4.006.000 | 4.450.000 д. |
| | | | | | | Празници, маниф. и настани 3.945.000 д. |
| | | | | | | Одбележув. на годишнини, настани и личности 145.000 д. |
| | | | | | | Др. културни активности 360.000 д. |

**Преглед на средствата за реализација на Програмите за развој на културата**

- Нема достапни наративни и финансиски извештаи за реализацијата на програмите за култура
- За културната дејност е ангажирано 1 лице-помлад соработник за култура и НВО. По потреба се вклучуваат и останати вработени.
- Се врши анализа на внатрешната организација во општината, вклучително и за потребните кадровски ресурси од областа на културата

| |
|---|
| ⦿ Општината врши делегирање на културните активности на НВО-а и на културните установи, заради нивно поефикасно и поквалитетно спроведување, како и за понатамошна децентрализација, граѓанско партиципативно учество и градење на механизми за соработка на локалната власт со граѓаните. |
| ⦿ Децентрализација- Општината има дадено позитивно мислење за пренесување на надлежностите и ингеренциите врз Н.У.Центар за култура Крива Паланка од национално на локално ниво. Но, став на општината е дека оваа децентрализација мора да биде спроведена само под одредени услови, особено во поглед на фискалната децентрализација. |
| ⦿ Општинската администрација ретко присуствува на културни настани.Оваа забелешка е општ впечаток, но има интенција на промена во последниот период,односно видливи се позитивни промени. |

---

## Н.У. ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА КРИВА ПАЛАНКА

Националната установа Центар за култура Крива Паланка функционира како институција од национално значење и е под ингеренции на Министерството за култура. Оваа установа е носител на повеќе културни дејности што се остваруваат во рамките на програмските определби.

Финансирањето на Центарот за култура е главно од Министерството за култура. Но годинава (2019), одредени културни проекти од Програмата за развој на културата на општина Крива Паланка се делегирани на оваа национална установа, а нивната реализација е обезбедена со средства од општинскиот буџет, со тенденција да се зголемуваат средствата, како и активностите кои ќе ги спроведува Центарот за култура, со поддршка на општината.

Ресурсите на Центарот за култура се користат од страна на сите културни субјекти,особено за поголеми и позначајни културни манифестации.

**Согледувања за човечки, организациски, технички и програмски капацитети**

**⦿ 16 вработени**

| |
|---|
| -2 административни работници |
| -7 даватели на услуги( 4-ца раководители) |
| - 7 технички персонал |

| **Ресурси** |
| --- |
| -Кино сала со 370 седишта |
| -Библиотека со фонд од 40.000 книги |
| -Ликовно студио |
| -Драмско студио |
| -ФД„8-ми Октомври“ |
| -Литературен куб„Калин“ |
| -Волонтери-креативни работилници |
| -Поддршка од Министерство за култура-поддршка на програмски проекти |

| ⦿ | **Предизвици:** |
| --- | --- |
| ➢ | Реновирање на кино сала |
| ➢ | Манастирски ан-во фаза на легализација |
| ➢ | Постапка за диско клуб-во тек на решавање |
| ➢ | Недостиг на човечки ресурси: ИТ експерт, правник, книговодител, лице за човечки ресурси, стручни лица за дејности |
| ➢ | Нема веб страница (самоФБ) |
| ➢ | Развојна програма-привлекување на публика, особено млади,афирмација на локална и национална култура, вклучување на маргинализирани групи, ромска претстава, модерен балет, ревитализација на кино култура... |
| ➢ | Нема објавени програми, наративни и финансиски извештаи |
| ➢ | Каде се 10-те виолини? Општина Крива Паланка набави 10 виолини и ги преотстапи на Центарот за култура за едукација на млади и формирање на оркестар. Во моментот нема информација каде се овие музички инструменти. |

## Л.У.ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА

Градски музеј Крива Паланка е локална установа,која е основана во 2006 година од страна на општина Крива Паланка. Оваа установа е под ингеренции на локалната самоуправа, а заедно со музејот од Виница, се единствените музејски установи што не се во надлежност на државата.

Програмските и инвестициски активности се финансираат од општината, но и од други фондови и донаторски програми,врз основа на проектни апликации изготвени од страна на ангажираните лица во установата.

Градскиот музеј е главен носител на музејската дејност во општината и чувар и промотор на локалното културно наследство. Ресурсите, исто така, се користат и од страна на останатите културни субјекти во општината за реализација на културни настани.

| |
|---|
| ⦿ **Просторно-технички ресурси:** |
| ➢ 3 канцеларии |
| ➢ Библиотека |
| ➢ Депоа |
| ➢ Продавница за сувенири |
| ➢ 3 изложбени сали со постојана историска, археолошка и етнолошка поставка |
| ➢ Уметничка галерија |
| ❖ **Човечки ресурси:** |
| ➢ 1 постојано вработен (директор-етнолог) |
| ➢ 3 привремени вработувања (етнолог, магистер по историја, историчар-архивист) |
| ➢ 1лице,тех.персонал- со договор на дело |
| ➢ **Недостасува:археолог,историчар на уметност** |

| **Предизвици** |
|---|
| Нема веб страница (само ФБ страница) |

| Програмите за работа се објавуваат на веб страницата на општина Крива Паланка |
|---|

| Нема објавени, но се достапни: |
|---|
| ➢ Детални програми за работа: |
| • Основна дејност (институционални и инвестициски) |
| • Проектни дејности (институционални и инвестициски) |
| • Дадени податоци за динамика, финансирање |
| • Наративни извештаи, извештаи за работа на УО,одлуки за унапредување на работа,завршни сметки и др. |
| • Нема финансиски извештаи,само завршна сметка од која се следи реализацијата на програмите |

| **Преглед на реализацијата на програмите за работа на Градски музеј** |
|---|

| Година | Планирани средства во денари | Реализација |
|---|---|---|
| 2013 | 2.727.413 | 26% |
| 2014 | 1.790.000 | 46% |
| 2015 | 3.758.800 | 28% |
| 2016 | 2.273.800 | 94% |
| 2017 | 3.769.000 | 43% |
| 2018 | 1.859.000 | |
| 2019 | 3.031.000 | |

**Забелешка:** Градскиот музеј има јасни, разбирливи и детално разработени програми и наративни извештаи за реализација на програмите, со детално разработен буџет.

Од прегледот на резлизацијата на програмите може да се забележи голема флуктуација во степенот на реализираните програмски активности. Тоа делумно се должи на неповолниот статус на локалните музеи во однос на поддршката од Програмата за проекти од национален интерес на Министерството за култура,

каде овие установи се ставени во иста категорија со останатите поединци и институции.

| ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ |
| --- |

| |
| --- |
| ⦿ СОУ „Ѓорче Петров“ |
| ⦿ ООУ„Јоаким Крчовски“ |
| ⦿ ООУ„Илинден“ |
| ⦿ Детска градинка „Детелинка“ |

| Активности |
| --- |
| -Музичко училиште за нижо образование при ООУ„Јоаким Крчовски“ |
| -Училишни хорови и оркестар |
| -Патронати |
| -Училишни приредби |

| НВО СЕКТОР |
| --- |

| |
| --- |
| ⦿ **Фолклорни друштва** |
| ➢ „8-ми Октомври“-Центар за култура |
| ➢ „Карпош“ |
| ➢ „Фолклористи“ |
| ❖ **Граѓански здруженија** |
| ➢ Центар за аудиовизуелни уметности |
| ➢ Распеани Паланчани |
| ➢ Центар за аудиовизуелни уметности |
| ➢ Здружение„Патник“ |

| |
|---|
| ➢ Здружение МЛК„Св.Јоаким Осоговски“ |
| ➢ ЗГ„Joy Fest“ |
| ➢ Здружение„Цик-Цак“ |
| ➢ Неформални групи/поединци |
| ◉ **ПРЕДИЗВИЦИ:** |
| ❑ Немаат веб страници |
| ❑ Недоволна транспарентност и отчетност |
| ❑ Недоволна видливост |
| ❑ Немаат програми за работа,објавени извештаи (наративни и финансиски) |
| ❑ Немаат развиена меѓусебна соработка |
| ❑ Недостиг на средства(главен извор е финансирање од проекти) |
| ❑ Недостиг на човечки капитал (нема услови за постојано вработени) |
| ❑ Изнаоѓање на решение за наплата на надоместок за користење на сала во НУЦК при организација на сопствени културни активности |

# ТРЕТ ДЕЛ

## КУЛТУРНИ ФОРУМИ

### Прва сесија

На првата сесија (30.10.2019 г.) беа презентирани резултатите од спроведеното истражување, моменталната состојба со културата и Предлог-програмата за развој на културата за 2020 година на општина Крива Паланка.

По извршената анализа, од страна на Центарот за аудиовизуелни уметности беа презентирани заклучоците, кои на локално ниво се пресликуваат со заклучоците наведени во Националната стратегија за култура 2018-2022 година за состојбата со културата во државата.

| **Моментална состојба** |
|---|
| Партизација во културата(посебен проблем-на културните настани не присуствува опозицијата) |
| Забавена децентрализација и деметрополизација |
| Недоволен број на стручен кадар |
| Нема визија и стратешки цели за развој на културата (нема Стратегија за развој на културата) |
| Нема соодветни истражувања и анализи |
| Недоволни средства |
| Преселување на значајни културни манифестации од Крива Паланка(Копаничарска колонија, Архитектонска школа) |
| Недоволна достапност и видливост на културни манифестации(Ликовна колонија, настани...) |
| Премногу фолклор или премалку други културни настани? |
| Пасивна и незаинтересирана млада популација |
| Недоволна транспарентност и отчетност |
| Недостиг на атрактивни и иновативни културни содржини |

| |
|---|
| Неразвиена независна културна сцена и современо уметничко творештво |
| |

| **Позитивни промени** |
|---|
| Соработка на културните установи и граѓански здруженија со локалната власт |
| Делегирање на надлежности од локалната самоуправа на НВО и на културните установи |
| Зголемена свест за потребата од нови атрактивни и креативни културни содржини |

Учесниците на првата сесија се согласија дека анализата дава реална слика на состојбите со културата во општина Крива Паланка.

Истовремено, беше заклучено дека Програмата за култура за 2020 година е реконципирана и редизајнирана во позитивна насока,со внесување на одредени нови културни содржини и децентрализирање на одредени проектни активности.

**Врз основа на овие согледувања донесени се следниве заклучоци:**

| |
|---|
| • Наодите и резултатите од спроведената анкета даваат реална слика на состојбата со културата во Крива Паланка |
| • Потребни се нови форми и програмска развојна компонента за културните манифестации(особено традиционалните) |
| • Подолгорочно планирање на традиционалните и пообемни кулурни настани и манифестации |
| • Културните настани да ги организира Центарот за култура, а Градскиот музеј активностите за културно наследство |
| • Да се развие меѓуинституционална соработка |
| • Интегрирање на повеќе културни настани во една манифестација |
| • Поголем маркетинг за културните настани |
| • Популаризација на културата кај младата публика |
| • Подобро планирање на буџетите на настаните и предвидување на надоместокот за ЗАМП како дел од проектниот буџет |

**По однос на Програмата за развој на култура за 2020 година,констатирано е:**

| |
|---|
| • Рестриктивен буџет  за Програмата за култура за 2020 година ( околу 3 милиони денари). |

| |
|---|
| • Лимитирање на поголемите манифестации-до 400.000 денари |
| • Програмата за култура за 2020 година-децентрализирана и дополнета со нови содржини |
| • Неопходно е за секоја настан да има програма |

**На првата сесија од културниот форум беа дадени и следните препораки**:

- Неопходност од изнаоѓање на алтернативни простори за културни настани, поради планираната реконструкција на Градскиот плоштад
- Реконцепција на МФФ„Свети Јоаким Осоговски“
- Преговарање со МПЦ за користење на ресурсите на Осоговскиот манастир за културни манифестации
- Оспособување на Мала сала во ООУ„Јоаким Крчовски“ за камерни културни настани
- Градење на капацитетите на културните установи (технички, логистички и човечки ресурси)
- Одредување на стратешки приоритети и цели за развој на културата

## Втора форумска сесија

На втората форумска сесија (07.11.2019 г.) беа одредени стратешките приоритети за идниот развој на културата и дадени конкретни предлози за збогатување на културната понуда со нови атрактивни и креативни содржини.

Учесниците донесоа генерален заклучок дека во наредниот период треба да се продолжи со одредување на визијата и мисијата на културната политика во општината преку нови културни форуми, со пошироко партиципативно учество и развивање на стратешките приоритети.

Како стратешки приоритети беа утврдени:

| |
|---|
| ➢ Изработка на Стратегија на општина Крива Паланка |
| ➢ Зајакнување на капацитетите на културните установи и субјекти |
| ➢ Збогатување на културната понуда со нови атрактивни и иновативни содржини |

Учесниците дадоа и 37 конкретни предлози за нови културни продукти, кои следат во прилогот подолу.

Врз основа на донесените заклучоци и препораки беше утврдена и рамка за Акциски план на општина Крива Паланка.

## ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК

Во рамките на националниот реформски процес во културниот сектор и остварувањето на еднакви културни права за сите граѓани, неопходен е развој на координирана и ефикасна културна политика, која ќе ја следи и општина Крива Паланка. Започнувајќи од реосмислувањето на културните програми и воведувањето на нови медиуми во културата, со рамноправно учество на публиката ,Крива Паланка треба да ја одреди својата визија за културен развој, врз која ќе ги гради стратешките приоритети и цели во идната Стратегија за развој на културата.

Во сегашни услови, со ограничени можности за вложување во локалниот културен развој, потребни се заеднички напори за развивање на меѓусебната соработка меѓу сите културни чинители во заедницата, а особено помеѓу локалната власт, културните установи и граѓанскиот сектор. Носителите на културната дејност треба посветено да работат на надминување на сопствените слабости и да ги зајакнат своите кадровски и технички капацитети, кои понатаму ќе резултираат со квалитетна културна понуда на кривопаланечката сцена.Иновативните и креативни културни продукти треба да бидат најзначајниот дел од културните програмски определби за да се задоволат новонастанатите потреби на различните структури на граѓани.

Посебно внимание во културната политика треба да биде посветено на младата популација, кај која мора да се смени перцепцијата за културата преку едукација, иновативен пристап и атрактивни културни содржини.

Индивидуалното уметничко творештво и кративните индустрии треба да добијат свое место на културната карта на општината,а независната културна сцена да биде двигател на развојот на новите културни иновации и техологии.

Во културните програми се очекува да бидат инкорпорирани и маргинализираните групи,а во иднина да се размислува и за дисперзија на културата во руралните подрачја, со содржини применливи за овие локации.

Партиската и институцонална тесноградост конечно мора да бидат надминати, со критички пристап кон аномалиите на локалната културна политика и преку заедничка соработка да се изнајдат адекватни решенија за надминување на бариерите.

Носителите на културната дејност, пак, мора да подлежат на ревизија на своите културни програми и континуирани истражувања за ефикасноста и

ефективноста на културната продукција за да се вклопат во современите културни текови.Културните работници, исто така, неопходно е во континуитет да ги надградуваат своите знаења и вештини во областите во кои работат.

Културните форуми, или било која друга форма на широко граѓанско учество во креирањето на културната политика на Крива Паланка треба да станат пракса со која ќе се унапредува оваа област. На истиот принцип треба да биде изготвена и Стратегијата за развој на културата на општина Крива Паланка, со истовремено вклучување на детални истражувања и испитување на јавното мислење.

Транспарентноста, инклузивноста и партиципативноста на сите чинители во заедницата се единствениот начин преку кој се создаваат можности за остварување на стратешките цели на националната и локална култура: **демократизација на културата, рамномерен културен развој и развој на независната културна сцена.**

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА ВО КРИВА ПАЛАНКА

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | НОСИТЕЛИ | ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА | ВРЕМЕНСКА РАМКА |
|---|---|---|---|
| Изработка на Стратегија за развој на културата на општина Крива Паланка | Општина Крива Паланка/Градски музеј/ граѓански сектор | Општина Крива Паланка, меународни и домашни фондови | 2020-2021 |
| Зајакнување на капацитетите на културните институции (технички и кадровски) | Општина Крива Паланка, Градски музеј, Центар за култура | Општина Крива Паланка, културни институции, Министерство за култура, донатори | 2020-2023 |
| Збогатување на културните содржини со нови атрактивни и креативни проекти | Општина Крива Паланка и сите културни субјекти во општината | Општина Крива Паланка,културни установи, граѓански сектор, Министерство за култура,донатори | 2020-2025 |

## ГРАЃАНСКИ ПРЕДЛОЗИ ЗА ЗБОГАТУВАЊЕ НА КУЛТУРНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА,ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ПРОЕКТОТ:КУЛТУРЕН ФОРУМ„ОВОЗМОЖУВАЧКА КУЛТУРНА СРЕДИНА“

| |
|---|
| 1. Еден ден во месецот(викенд)-резервиран за најмладите-локација Градски пазар |
| 2. Постојана изложба (поставка) на дела од уметници од Крива Паланка во Градски музеј |
| 3. Работилници во училиштата на часот„Вештини на живеење“, во соработка со Центар за култура и Градски музеј |
| 4. Промена на перцепцијата на културата: работилници -Патот до пишаниот збор, Основи на сликарството |
| 5. Зајакнување на капацитетите на културните установи(набавка на опрема и технологија-2020 година) |
| 6. Формирање на Младински културен центар-два предлога |
| 7. Организирање на џез фестивал |
| 8. Работилници за најмладите |
| 9. Локална радио станица |
| 10. Анимации за најмладите |
| 11. Музички секции:инструментални, вокални |
| 12. Театарски работилници |

| | |
|---|---|
| 13. | Детски театарски фестивал |
| 14. | Формирање на Арт клуб |
| 15. | Откуп или нарачка на дела што би се искористиле за пригодни подароци |
| 16. | Вечер на хорска музика |
| 17. | Продажни лицитаторски изложби на дела со хуманитарен карактер |
| 18. | Субвенционирање на материјали за ликовна уметност |
| 19. | Поврзување на уметници со бизнис сектор за продажба на дела |
| 20. | Развој на креативни индустрии(работилници за стари занаети и иновативни технологии) |
| 21. | Поголема промоција на Ликовната школа |
| 22. | Уметноста на тату мајсторите (цртежи на тело) |
| 23. | Ревија на фризури од локални фризери |
| 24. | Новогодишен хепенинг-од 25-29.12.2019-учесници од сите возрасти, новогодишен базар, топол чај |
| 25. | Форуми за вклучување на јавноста |
| 26. | Омаж за Кирил Ценевски(публикација) |
| 27. | Детски катчиња (отворен и затворен простор) |
| 28. | Веб страна со поддомен , со линкови до сите културни настани |
| 29. | Градење култура кон културни настани (едукација на популацијата) |
| 30. | Таленти од општината да се вклучат во културни настани |
| 31. | Нови културни содржини |
| 32. | Фестивал на литературата„Прашајте го авторот“-дводневна фестивалска програма со познати книжевници (литерални вечери и работилници со младите и граѓаните) |
| 33. | Формирање на Општински оркестар на традиционални инструменти |
| 34. | Формирање на Општинска вокална група на народни песни |
| 35. | Едукација на младите за традицијата |
| 36. | Обезбедување на простор за работа на секциите |
| 37. | Соработка на НВО и Координативното тело за култура |